**20192023205**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2019 година.

Бр. 08-5317/1
3 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), во насловот и во целиот текст зборовите: „Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на работодавач-правно лице, ако платите не ги исплати или ги исплати спротивно на овој закон.

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорно лице во правното лице.

Глоба во износ од 100-150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на овластено службено лице во правното лице.“.

Член 3

Во Законот за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 139/14), членот 1 се менува и гласи:

„Работодавачот утврденото право на плата во 2019 година може да го зголеми за 5%, започнувајќи со исплатата за септември 2019 година.“.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.